Славица Петровиќ Тодорова

СТИХОБОЕНКА

# До небото вишно

Санто Стеф - С

Скопје, 2019

Издавач: Санто Стеф - С дооел Скопје
www.santostef.com.mk

Уредник: м-р Ели Маказлиева

Рецензенти:
Проф. д-р Наташа Чичевска - Јованова, редовен професор
на Филозофскиот факултет во Скопје
Соња Деловска, професор по македонски јазик во ООУ „Владо Тасевски“ - Скопје

Илустратор: Бранкица Дуковски

Лектура: „Санто Стеф - С“ дооел Скопје
Насловна: м-р Соња Димовска, Александар Ѓорѓевски
Технички уредник: м-р Јован Наумоски
Компјутерска обработка: Мартин Димитриевски

Печати: Алма-графика, Скопје

Тираж: 500 примероци

ИЗДАНИЕТО Е ФИНАНСИСКИ ПОДДРЖАНО ОД
МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

© Сите права на изданието ги задржува авторот. Забранeто е копирање, размножување и објавување на делови од книгата или на целото издание во каква било форма, без претходна согласност од авторот.

# До небото вишно

Желба имам голема
до небото песна да се ори,
на јазикот на децата
секој со секого да збори!

Драги деца,

Ве поканувам да бидете директни учесници во обликувањето на оваа литературно-ликовна книга. Почитувањето на книжевноста и уметноста се учи од мали нозе, а така се гради културата во едно општество.

Авторот

# Градина

Во зелената градина
во нашиот училиштен двор,
цути најубавото цвеќе,
за тоа нема збор.

Лалиња, кокичиња, ружи
во различни бои
растат среќни и згрижени
во световите свои.

Со црвени обравчиња,
коси очиња и мало носе
ни се насмевнува
лалето Фросе.

Мразот го крши
и му пркоси
на белиот снег,
храброто наше кокиче Алек.

Ана, Мила, Стефан,
Игор, Сања, а и една Тања
се нашите ружички
опоен мирис што шират.

Во училишната градина
сложно се збираат,
со својата игра нѐ мамат,
во нивно друштво нѐ канат.



# Слични, а различни

Уште на првиот училиштен час
нови другарчиња запознав јас.
Сите сме слични,
а сепак по малку различни.

Очиња, нос, уста,
уши и коса густа
имам јас, ама има и Ана
и нејзината другарка Јана,
Марко панталони носи,
а Мила пандeлка в коси.

Машки и женски, високи и ниски
со сини, кафеави или зелени очи,
со руса, кафеава или црна коса -
различни, ама сепак слични,
дечиња сме ние лични!


Aa
Mm

# Повкусно е вака

На масата седам, во чинијата гледам -
тенка боранија зелена на две поделена.
Гледам и се прашувам како да ја јадам,
се вртам наоколу, сакам некому да ја дадам.

Виде мама дека не сакам да јадам,
дека се прашувам кому чинијата да ја дадам:
- А-ха, не ја сакаш боранијата зелена,
па дури и кога е на два дела поделена.

Ама знае мама што треба да прави,
кое парче зеленчук каде да го стави:
шапка од грашок и очиња од маслинки црни
а над нив веѓи зелени од парчињата поделени.

- Мммммм... вкусно изгледа сега, реков јас,
а тато, бато и дада се насмеаја на сиот глас.
- Навистина, повкусно е кога е наредно вака,
секој ќе јаде со задоволство, без никаква мака!



# Се грижам за себе

Наутро кога ќе станам
во бањата со водичка
очињата си ги тријам,
лицето и забите ги мијам.

Редовно ја средувам
и мојата коса
не сакам бушавко да бидам
наставничката кога ќе ја видам.

Облека чиста облекувам
и в огледало се погледнувам,
хигиената е половина здравје
треба секој да знае за да не се кае.



# Книгите и јас

Во тајните на книгите
полека влегувам,
а оттаму секогаш
насмеан излегувам.

Кога нешто не ми е јасно,
не можам да сфатам,
наставничката ме охрабрува
и нежно ми вели:

- Полека, учениче мало,
немој да бидеш тажно,
повторувањето во учењето
е многу важно.



# Буква по буква

Од линии прави и криви, големи и мали,
секоја буква од азбуката лесно се прави.
Голема и мала буква има за секој глас,
со нив ќе се запознаваш на секој нареден час.

Триесет и една буква има за кажување,
кога ќе ги поврзеш една со друга
ќе добиеш зборови за раскажување.

Кога ќе научиш буквите да ги препознаваш,
тајни мали и големи само ќе дознаваш
а кога и во збор ќе ги поврзуваш, дете мило,
ќе научиш за се што ќе биде и што било.

Знаењето ти помага да растеш
ти дава моќ,
а секоја буква е светилник
во најтемната ноќ.

А а Г г

Тато Мама

Т т Р р

# Ѕвонко заспа

Денес в училиште
Ѕвонко малку заспа,
ѕвончето ѕвони ли, ѕвони,
а тој сонува дека јаде бонбони.

Па се мачи,
сака бонбоната
в уста да ја стави
чудни движења прави,

- Ѕвонко, разбуди се,
наставничката му вели,
на час спиење нема,
а и од бонбоните ти снема.

Се вцрви Ѕвонко, се збуни,
другарчињата се насмеаја вглас,
и никој никогаш не ја заборави
поуката од тој наставен час.



# Сакам да бидам

Ме прашува баба
што сакам да бидам,
јас и велам да размислам,
што е најдобро, да видам.

Сакам да бидам пилот
на небото да летам,
сакам да бидам и возач
низ светот да шетам.

Сакам да бидам готвач
вкусни јадења да правам,
сакам да бидам и слаткар
на тортите шлаг да ставам.

Сакам да бидам инженер
високи згради да градам,
сакам да бидам и дизајнер
боите да ги ускладам.

Сакам да бидам лекар
болните да ги лечам,
сакам да бидам полицаец
униформа да облечам.

- Внуче мое мило,
тешко е да се решиш
ама треба да знаеш
за да не згрешиш:

Најважно е да се работи
она што се сака,
па работата никогаш
нема да ти биде мака.




TAXI




POLIC





# Порака

Дете мало сум јас
и сакам да го кренам својот глас,
слушајте ме сите
за безгрижно да ги минуваме дните!

Сакам тревници зелени пред зградите,
цвеќиња мирисливи до оградите,
чист воздух сакам да дишам
во паркот на лулашка да се нишам.

Не сакам отпадоци на улиците,
не сакам да ги посетувам болниците,
здраво дете сакам да бидам
нечистотија не сакам да видам.

Затоа порака упатувам
до сите луѓе на целата планета:
- За животната средина мора да се грижиме,
за чиста околина еден со друг да се зближиме!



# Разговор со облачето

Кап, кап, дождец рони
кап, кап, капка на цветот ѕвони кап,
кап, облачето весело не е
кап, кап, солзи тоа лее.

Го прашав за неговата мака,
го прашав зошто прави така.

Тажно сум, дете мило,
зашто насекаде низ светот  сум било,
детската смеа веќе ја нема,
телефоните се сега во шема.

Улиците празни се сегде,
топките оставени в некое ќоше, негде,
природата на прошетка ги кани
а тие седат во собите сами.

Никој со никого не се дружи
никој никому нема рака да му пружи,
сакам да излезат надвор сите
и безгрижно да ги минуваат дните.

Избриши ги солзите, облаче драго, не
мурти се веќе и насмеј се благо,
секое дете природата ја сака
и секој прифаќа подадена рака.

Кога наместо солзи да лееш,
сенка пред сонцето ќе правиш,
со детската врева на улиците
нема да можеш да се справиш!



# Чувајте ја природата

Природата околу нас
насоки ни дава
како да ја чуваме
за да биде убава и здрава.

Не фрлајте отпад
по тревниците и улиците,
треба да се рециклира -
тоа го знаат и птиците.

Не загадувајте ги
реките и морињата сини,
чувајте ја водата,
чувајте ја природата!


ПЛАСТИКА


СТАКЛО


ХАРТИЈА


МЕТАЛ

# Што е мода

Мода е за природата да се грижиме
пред сметот и отпадоците никогаш да не мижиме.

Мода е отпадокот в канта да се става
за околината да ни биде убава и здрава.

Мода е тревата да не ја газиме
редот секогаш да го запазиме.

Мода е да јадеме чисто овошје и зеленчук
праски, цреши, кромитче и лук.

Мода е да имаме чисти раце, забите да ги миеме
креветот да си го средиме и мирно да спиеме.

Мода е да ги слушаме родителите
да внимаваме на околината и ние и пријателите.

Ова е мода стара што сега и секогаш ќе трае
среќен е оној што тоа го знае!





# Животна средина

Ако некој те праша
животна средина што е,
кажи му, тое се сè она што нè опкружува,
тоа е катчето мое и твое.

Улицата пред твојата зграда,
дрвјата високи во паркот,
крај шумата ливада зелена -
животна средина е нашата вселена.



# Водата дожд станува

Зошто дождот лие,
знаете ли, деца, вие?

Топло сонце водата ја грее,
своите зраци, над реките
езерата и морињата
во целиот свет ги сее.

Водата кон синото небо
испарува лесно
се збира во облаци
додека не ѝ стане тесно.

А потоа што се случува,
да врне дожд, кој одлучува?

Една до друга капките
во облаци стојат -
се здружуваат заедно
и големи капки се бројат.

Облакот станува тежок -
за сите капки место нема,
па паѓаат на земјата
без никаква дилема.

Каква корист дождот дава,
па има толкава слава?

Корисен е дождот
за земјата наша родна,
без капките дожд
не може да биде плодна.

Ги полни реките, езерата,
водата назад ја носи,
за потоа повторно
дождец да роси!



# Годишни времиња

Знајте, деца,
четири годишни времиња има
пролет, лето
есен и зима.

В пролет цути
најубавото цвеќе
в лето, пак,
на одмор сме веќе.

Есента дарува
природа во многу бои
в зима, пак,
се топлиме во домовите свои.

Во пролет, во лето,
во есен и во зима,
убава е природата
со различна клима.









# Листот жолт падна

Првиот жолт лист
од дрвото падна,
го најави доаѓањето
на есента ладна.

Ветре дува, дождец роси,
кон дувлото се упати меца,
кабаница секој носи -
дојде есен, мили деца.

Шаренило од бои
на улиците се гледа
се полнат очите твои
со најубавата глетка.



# Есен е...

Есен е...
дождот везден лие,
ладно е...
па моето маче
со мене спие.

Есен е...
ветрот надвор дува,
ладно е...
па в собата влегла
и се топли една мува.

Есен е...
ладно е...
но сепак, убавица
со волшебни бои
на нашиот праг стои!


ЕСЕН

# Порака до сите возрасни

Кога ќе слушнам дека некој со некого се кара,
дека некој некому насила нешто бара,
кога ќе слушнам како некој тивко солзи лее,
кога нечија закана страв наоколу сее...

Моето мало срценце во грч се стега,
се прашувам само каде да се бега,
зашто не сакам тажни звуци да слушам,
не сакам во тага и зло да се гушам.

Ние, децата, не бараме многу,
нам ни е потребен само пријателски подадена рака
искрена љубов, секое дете сака.
Сакаме околу нас гласови и звуци пријатни и топли,
сигурност што ни даваат, животот што го слават.

Околу нас убави зборови и весела смеа да се слуша,
а звуците од виолината на музичарот
да ја топлат нашата душа.

Порака упатувам од името на сите деца,
до секој возрасен човек ширум оваа планета:
Сакаме во слобода и мир да ги минуваме дните
топол дом и родителска љубов да имаме сите.



# Прваче

Возбуден сум многу,
не можам да спијам
срцето в гради ми бие,
нема што да кријам.

Мамо, часовникот мој
утре силно нека ѕвони,
прваче ќе бидам
на време треба да идам.

Тетратка и молив
в ранецот да ставам,
учителката ќе ми каже
што треба да правам.

Возбуден сум, се радувам,
нема веќе да се досадувам,
со книгите ќе се здружам
петките ќе ги заслужам.


E
1 + 2 = 3
P
K
j

## Роденден на татковината

Во градови и села
низ татковината цела
се празнува, се слави
родот наш да не се заборави.

На овој ден голем,
приредба ќе правиме,
роденденот на татковината
со песни ќе го славиме.

Со знаменце в рака,
на овој ден свечен
силно ќе викнам:
„Татковино мила, роденденот да ти е вечен!“


8 СЕПТЕМВРИ

# 11 Октомври

На улиците денес знамиња се веат,
децата во училиштата за татковината пеат,
гордо се празнува празникот славен
за кого се борел народот мој прославен.

11 Октомври, 11 Октомври, гордост наша -
првата пушка во Прилеп и Куманово
историјата со златни букви ја запиша.

Радосни сме денес, во слобода живееме,
слободно шетаме, радосно се смееме.



# Празник славиме

Знаме црвено-жолто
на улиците се вее,
слободарска песна
денес се пее.

Од знамето сонцето
топло нè грее,
војникот на стража
над нас сите бдее.

Слава на јунаците
животите што ги дадоа
што држава независна
за потомците свои создадоа.





# Нова година

Радост голема
за секого е таа,
за годината што иде весела да ни биде.

Среде собата
елката ми стои
најразлични украси мама за неа крои.

Да ги нареди сите
ќе ѝ помогнам на мама,
па не може таа се да стори сама.

Песна ќе запеам,
желба ќе посакам,
Дедо Мраз и за мене подарок да стави
зашто тој за добрите деца така прави.



# Мамо, мамо, мамичке

Мамо, мамо, мамичке,
многу си ми мила
имаш очи убави
и коса мека како свила.

Мамо, мамо, мамичке,
со насмевка блага
ти ги знаеш моите желби
и која кукличка ми е драга.

Мамо, мамо, мамичке,
кога ќе те видам
сакам и јас, кога ќе пораснам,
како тебе да бидам.



# Првоаприлска

Еден смешен кловн
со главата клима,
шарени панталони
и кошула жолта има.

На главата син шешир носи
врз зелените коси,
а носот му е црвен
како да го искасале оси.

Први април, деца мили
 - априлилили, априлилили,
низ улиците, гласот
на децата се шири.

Весели детски лица
и многу маски шарени,
маскенбалска забава
и шеги од срца подарени.



# Шега

Гледајте, гледајте, паѓа снег,
ајкула се шета по речниот брег,
а врапчето како славеј пее,
шега е, деца, Дарко се смее.

Први април - априлилили, априлилили,
низ улиците гласот на децата се шири.

Радост и насмевки наоколу има,
дури и еден дедо со главата клима,
до него доктор во бело стои,
а еден шивач ножици носи да крои.

Први април - априлилили, априлилили,
низ улиците гласот на децата се шири.

Весели детски лица, маски шарени,
маскенбалска забава и награди подарени -
на овој ден секој човек бие шега
и стар и млад - време за среќа е сега.



# Кошничка шарена

Во украсена кошничка
со цвеќиња и панделка
црвени јајца наредила баба,
едно за мене, едно за дада.

- Празник многу голем, деца мои,
во домот кошничката да ви стои -
секој христијанин Велигден слави
в црква оди јајце вапсано да стави.

Кога камбаната почна да бие,
кон црквата се упативме ние.
- Христос воскресна - ни рече баба,
- Навистина воскресна - одговори дада.

- Традицијата наша ќе ја продолжиме
на верата и родот да се одложиме,
вербата во Бога е нашиот спас -
рековме двајцата во еден глас.



# Празник голем

Велигденски јајца
за празникот христијански
со мама правиме -
сложно да го прославиме.

Богата трпеза ќе поставиме
со разни јадења солени и слатки,
со салати и колачиња
во форма на зајачиња.

Ќе дојдат чичо и стрина,
тета и тетин, баба и дедо,
весело ќе биде со
братучедите Игор и Лиде.









## Јајце дрвено

На Велигден, празник славен,
Стефан в училиште е главен,
со своето јајце дрвено
го скрши секое јајце црвено.

Се налути Ана
почна да плаче,
ја виде Стефан
и ја фати за раче.

- Не плачи, Ана,
ќе ти го дадам јајцето дрвено,
а ти на мене
твоето јајце црвено.



# Кирил и Методиј

Сонцето надвор грее
топлина и намсевки сее
убаво облечени се сите
празнични се сега дните.

Името на светите браќа
Кирил и Методиј се слави,
нивното свето дело
никогаш да не се заборави.

Словенската азбука
ни ја даруваа тие,
со песни и раскази
им се одолжуваме ние.



## Ѓердан од обоени стихови

Да се создава поезија за деца и не е така едноставно, треба да се нурне во бунарот на детското срце, во нивните мисли, желби и потреби, да се допре до нивната душа и до нивната свест. Оној што твори песни за деца, не го набљудува животот од далеку, туку гледа одблиску во светот на најмладата популација. Доказ за тоа е стихобоенката „До небото вишно“ од авторката Славица Петровиќ Тодорова.

Во време кога технологијата и технолошкото комуницирање отвора многу прозорчиња за достапност на повеќе информации, од големо значење е држењето на книгата во детските раце, играта преку боенката – она вистинското, допир и лет во откривањето на љубовта, почитта, грижата, креативноста, како вредности што треба да се развиваат.

Во овој алманах на поетски творби „До небото вишно“, презентирани се извонредни пораки за: хуманоста, развивање на еколошката свест, почит кон националните и верски празници, здравите навики, убавините на природата, почитување и прифаќање на различностите... Со толку љубов и креативност е изграден мозаикот од 30 песни со 30 илустрации - боеники, кои заедно сочинуваат еден бисерен ѓердан, со којшто авторката гради слика со зборови, упатува пораки, илустациите ја развиваат детската креативност и фантазија.

Иако ова поетско чедо е првенствено наменето за најмладата генерација, сепак преку стиховите, Тодорова упатува силна порака и до нас повозрасните, да го чуваме овој свет, да даруваме љубов, мир и спокој во секој дом, бидејќи секое дете тоа го заслужува.

Читањето на оваа стихобоенка ќе биде вистинско уживање за секое дете, а истовремено и задоволство за возрасните. Идеална комбинација. Уживајте во песничките!

Соња Деловска, професор по македонски јазик и книжевност

## Компилација на поезија и ликовна уметност

Стихобоенката „До вишното небо“ од Тодорова претставува освежување во литературата за деца, претставува компилација на поезија и ликовна уметност.

Следејќи го редоследот на песните, може да се каже дека се опфатени 3 области: секојдневни случки што не учат на почитување на различностите, на здрава исхрана и грижа за себе, за карактеристиките на годишните времиња; понатаму песните се движат во насока на развивање на свеста и значењето на животната средина и грижата за неа; третиот дел се однесува на сите позначајни празници во нашата средина - 8 Септември, 11 Октомври, Велигден... и се потенцира потребата од одбележување на празниците со приредби во училиштата. Цртежите се јасни со издиференцирани елементи за боење, а исто така и со соодветни вежби за поврзување, пронаоѓање и дополнување.

Ваквиот начин на презентирање на содржините низ слики со можност децата директно да работат на нив е од особена важност за развојот на творечката фантазија и мисловните процеси, а воедно и добра вежба за развој на фината моторика кај децата.

проф. д-р Наташа Чичевска Јованова

# ЗА АВТОРОТ

Славица Тодорова, род. Петровиќ, е родена во Скопје, 1974 година. Основното и средното образование ги завршува во родниот град. Во 1997 година, дипломирала на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на Катедрата за македонски јазик, на групата: Македонски јазик со македонска книжевност и јужнословенски книжевности, а на истата катедра во 2006 година завршила и доквалификација: Српски јазик како втор главен предмет. Во 2000 година го положила и испитот за лектор. Во 2016 година, магистрирала на Филозофскиот факултет и се здобила со звањето магистер по инклузивно образование од областа на специјалната едукација и рехабилитација.

Работи во Посебното основно училиште „Иднина“ од 1998 година, како наставник до 2013 година, а денес е библиотекар во училиштето. Лектор е на голем број изданија од издавачките куќи „Просветно дело“, „Едука Мак“, „Магор“, уредник е на голем број книги и преведувач на голем број дела од српски на македонски јазик и обратно. Исто така, рецензент е на учебниците по Српски јазик за прво, второ и седмо одделение. Автор е на неколку научни трудови објавени на македонски, српски и англиски јазик: Ставовите на наставниците за инклузивно образование; Поврзаноста на училишниот успех на децата со пречки во развојот со материјално-техничката опременост и кадровската екипираност во основните училишта; Учебниците за почетно читање и пишување за учениците со лесна интелектуална попреченост вклучени во инклузивно образование; Квалитет живота особа са сметњама у развоју; Дете со перварзивно развојно нарушување: поттик или стигма; Friendship as a goal in educational process; Социјализација ученика са сметњама у развоју на часовима производног рада. Пишува и песни за деца, објавени во списанието за деца „Смешка“ и во збирката поезија „Стихувалки“. Автор е и на работна тетратка со графомоторни вежби Учам да пишувам, која е преведена и на српски и албански јазик.

Стихобоенката „До небото вишно“ претставува збирка на поетско-ликовни творби. Низ стиховите се проткаени мотивите за односот кон природата, кон луѓето, кон празниците, кон творештвото, како основа за градење културни навики, за градење култура на живеење. Затоа што визуелниот момент е од големо значење за развојот на вниманието, перцепцијата и помнењето, секоја песна е проследена со соодветен цртеж на којшто децата ќе работата, со што се ќе се развиваат нивните мисловни процеси и творечката фантазија.

„До небото вишно“ е збирка на поезија и ликовна уметност наменета за сите деца од одделенска настава.

# СОДРЖИНА


Градина ........................................ 4
Слични, а различни ........................................ 6
Повкусно е вака ........................................ 8
Се грижам за себе ........................................ 10
Книгите и јас ........................................ 12
Буква по буква ........................................ 14
Ѕвонко заспа ........................................ 16
Сакам да бидам ........................................ 18
Порака ........................................ 20
Разговор со облачето ........................................ 22
Чувајте ја природата ........................................ 24
Што е мода ........................................ 26
Животна средина ........................................ 28
Водата дожд станува ........................................ 30
Годишни времиња ........................................ 32
Листот жолт падна ........................................ 34
Есен е ........................................ 36
Порака до сите возрасни ........................................ 38
Првачe ........................................ 40
Роденден на татковината ........................................ 42
11 Октомври ........................................ 44
Празник славиме ........................................ 46
Нова година ........................................ 48
Мамо, мамо, мамичке ........................................ 50
Првоаприлска ........................................ 52
Шега ........................................ 54
Кошничка шарена ........................................ 56
Празник голем ........................................ 58
Јајце дрвено ........................................ 60
Кирил и Методиј ........................................ 62

Издавач: Санто Стеф - С дооел Скопје
www.santostef.com.mk

Уредник: м-р Ели Маказлиева

Илустратор: Бранкица Дуковски

Печати: Алма-графика, Скопје

Тираж: 500 примероци

**CIP - Каталогизација во публикација**
**Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје**

**821.163.3-93-1**
**087.5:741**

**ПЕТРОВИЌ Тодорова, Славица**
**До небото вишно: стихобоенка / Славица Петровиќ Тодорова ; [илустратор Бранкица Дуковски]. - Скопје : Санто Стеф-С, 2019. - 68 стр. : илустр. ; 24 см**

**ISBN 978-608-65719-7-9**

**COBISS.MK-ID 110265098**